**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

Бр. 13 – 2750/1
Од 31.03.2017

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр 199/2014, 42/2015, 44/2015, 193/2015, 163/16 и 31/16) Градоначалникот на Општина Кисела Вода го донесува следното:

# СООПШТЕНИЕ

**Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на Општина Кисела Вода дека се распишува**

**Јавен повик за доставување иницијативи за изработка на Урбанистички планови**

Секое заинтересирано правно и физичко лице во тек на јавниот повик може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови од Член 7 став 2 алинеа 2, 3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр 199/2014, 42/2015, 44/2015, 193/2015, 163/16 и 31/16).

Иницијативите можат да се достават во електронска форма преку инфромациски систем е-урбанизам или во писмена форма во архивата на Општина Кисела Вода.

Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечкиот урбанистички план.

Јавниот повик ќе трае од 03.04.2017 година до 02.05.2017 година – 30 дена, сметано од објавата во дневното гласило “Вечер”.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Билјана Беличанец-Алексиќ

Ул.Петар Дељан бр. 17,1000 Скопје ,тел.++389 2 785 420 ; факс. ++389 2 770 210; E-mail: contact@kiselavoda.gov.mk
www.kiselavoda.gov.mk